


МЕЃУНАРОДЕН ФИЛМСКИ ФЕСТИВАЛ НА
ДЕБИТАНТСКИ ФИЛМ КИНЕНОВА 2025

**28 СЕПТЕМВРИ - 5 ОКТОМВРИ 2025**

Агенција за филм на Република Северна Македонија
Agjencia për film e Republikës së Maqedonisë së Veriut

# НЕБОЈША ЈОВАНОВИЌ

Директор на фестивал

# NEBOJSA JOVANOVIK

Festival Director



Тој е филмски режисер, сценарист и продуцент од Македонија. Во својата филмска кариера има направено повеќе кратки играни и документарни филмови кои се прикажани на бројни значајни филмски фестивали за краток филм, а бил и предавач на работилници за филм за млади. Тој е основач и директор на еден од трите најзначајни филмски фестивали во Македонија и во исто време најбрзорастечки фестивал, МФФ КИНЕНОВА, а бил и програмски советник на неколку други меѓународни фестивали во регионот. Посветено ги промовира новите и млади филмски автори од Македонија и светот на фестивалот кој го раководи, а во исто време ја унапредува културната соработка со Грција преку настанот Грчки филмски фестивал кој тој лично го има основано, а кој до сега има четири особено успешни изданија.

## ЗА ФЕСТИВАЛОТ

Оваа година, со фестивалот КИНЕНОВА се заокружува една значајна целина. 10 години, 120 месеци посветена и непрекидна работа, за исполнување на големата мисија, да се пронајдат најдобрите, најхрабрите помеѓу новите авторски гласови, оние кои ќе ги предводат новите текови во филмската уметност. За мене ова претставуваше големо задоволство, но и голема одговорност, да се подигнат критериумите во нашата фела, но и да се избориме за простор за независните, за слободоумните, за чесните создавачи, да ја промовираме македонската кинематографија во меѓународен контекст, но и да додадеме вредност во нашата кинематографија и филмски образовен процес и да можеме да бидеме оној охрабрувачки фактор на тешкиот пат, на кој многумина нови филмски создавачи се обесхрабруваат.
Очигледно е дека како никогаш порано, со помош на новите технологии, можноста за копродукции и користење на меѓународни фондови, создавањето на еден филм е возможна мисија, но сметам дека во исто време, како никогаш порано е тешко слободно да се создава и слободно да се одбира тема за создавање, затоа што авторите се доведени до неверојатна позиција на автоцензура, приморувајќи се себеси да ги следат модерните, често суптилно или авторитарно наметнати текови во современите општества и потребите на одредени интересни групи за промовирање на нивните интереси. Следствено, како резултат на овие процеси, се добиваат „дела“ кои повеќе промовираат, наместо да општат и да отвораат прашања, дилеми и дијалог за општо добро на човештвото, за комуникација помеѓу слободни луѓе и култури.
Тука, сметам дека Киненова игра особено важна улога, како дел од светската сцена на независни филмски фестивали, кој го чува својот простор слободен и чист од интереси кои ја загрозуваат слободата на уметничкиот израз во филмската уметност.
Се чувствувам почестен што овој мој труд, но и труд на тимот околу мене е препознаен и признат од врвни, но слободоумни автори како што се: Улрих Зајдл, Илдико Ењеди, Кшиштоф Зануси, Мира Фурлан, Разван Радулеску, Бранка Катиќ, Жарко Лаушевиќ, Лив Улман, Мето Јовановски, Даг Јохан Хагеруд, Аница Добра и многу други, кои беа дел од фестивалот и го потврдија неговиот квалитет и вредност со нивното активно присуство, но и со истакнување на неговата важност.

He is a film director, screenwriter and producer from Macedonia. In his film career, he has made several short feature and documentary films that have been screened at numerous world-wide important short film festivals, and has also been a teacher at youth film workshops. He is the founder and director of one of the three most important film festivals in North Macedonia and at the same time the fastest growing festival, IFF KINENOVA, and has also been a program advisor at several other international festivals in the region. He is dedicated to promoting new and young filmmakers from North Macedonia and all over the world and at the same time he promotes cultural cooperation between Greece and North Macedonia by realizing the Greek Film Festival in his country, event that he personally founded, which has had four particularly successful editions so far.

## ABOUT THE FESTI AL

This year, the KINENOVA festival marks a significant milestone. 10 years, 120 months of dedicated and continuous work, to fulfill the great mission, to find the best, the bravest among the new authors voices, those who will lead the new trends in film art. For me, this was a great pleasure, but also a great responsibility, to raise the criteria in our field, but also to strugle for a space for independent, free-thinking, honest creators, to promote Macedonian cinema in an international context, but also to add value to our cinematography and film education process and to be the important, encouraging factor on the difficult path, on which many new filmmakers are discouraged. It is obvious that like never before, with the help of new technologies, the possibility of the International co-productions and the use of international funds, the creation of a film is a possible mission, but I believe that at the same time, like never before, it is difficult to freely create and freely choose a topic for creation, because the authors are brought to an incredible position of self-censorship, forcing themselves to follow the modern, often subtly or authoritarianly imposed trends in contemporary societies and the needs of certain interest groups to promote their interests. Consequently, as a result of these processes, we have “works” that promote, rather than communicate and open questions, dilemmas and dialogue for the common good of humanity, for communication between free people and cultures.
Here, I believe that KineNova has a particularly important role, as part of the world scene of independent film festivals, which keeps its space free and clear of interests that threaten the freedom of artistic expression in the art of cinema.
I feel honored that my work, but also the work of the team around me, has been recognized and acknowledged by the masterst of the world cinema, but in the same time open-minded authors such as: Ullrich Seidl, Eldiko Enyedi, Krzysztof Zanussi, Mira Furlan, Razvan Radulescu, Branka, Katic, Zarko Lausevic, Liv Ullmann, Meto Jovanovski, Anica Dobra, Dag Johan Haugerud and many others, who were part of the festival and confirmed its quality and value with their active presence, but also by highlighting its importance.

# ГЕНА ТЕОДОСИЕВСКА
УМЕТНИЧКИ ДИРЕКТОР

# GENA TEODOSIEVSKA
ARTISTIC DIRECTOR



Смелост е да се истрае во идејата за придонес во општото добро. Промоцијата на филмот е дел од таа идеја. Во тимот на МФФ Киненова сум пет години, интересни, турбулентни, непредвидливи години. Но, колку ќе ни се дозволи да ја изразиме и да ја претвориме таа наша смела идеја во цел, зависи од многу чинители. Фестивалот ги надмина изненадувањата. Веќе ништо не не изненадува, освен нашата посветеност да ги промовираме оние скриените драгоцени филмски наслови, да и откриваме на нашата публика автори кои со својот креативен сензибилитет ќе не одведат во нивните светови, за нас знајни, а сепак непознати.
Да учиме од најдобрите, да раскажуваме за најдобрите.
Десет е само бројка, но за нас е насока, антиципација за идните филмски визии.
Тоа е првата и најважната мисија за мене на МФФ Киненова.

It takes courage to persist in the idea of contributing to the common good. The promotion of the film is part of that idea. I have been part of the Kinenova IFF team for five years – five interesting, turbulent and unpredictable years. Nevertheless, to what extent will we be allowed to express that bold idea of ours and turn it into a goal depends on many factors. The festival has exceeded all expectations. Nothing surprises us anymore, except our dedication to promoting the hidden precious film titles, to unveiling authors who, with their creative sensibility, take us into their worlds, that are familiar to us, yet still unknown.
To learn from the best, to tell stories about the best.
Ten is just a number, but for us it is a direction, an anticipation of future film visions.
For me, this is the first and foremost mission of the IFF Kinenova.

# ИГОР АНЃЕЛКОВ
ПРОГРАМСКИ СЕЛЕКТОР

# IGOR, ANGJELKOV
PROGRAM SELECTOR



## Триумф на волјата и филмскиот дух

Десет години острење на волјата со цел да се приреди филмски фестивал во времиња кои не се баш пристојни за филмската уметност, но тој, филмот, како и другите уметности, секогаш бил силен токму во време на криза, на растечки национализам и фашизам, на немилосрдни војни, на бегалска криза на која не и‘ се гледа крајот. Тука се филмаџиите сето тоа да го прикажат на големото платно и повторно да не‘ вратат во игра поставувајќи ни го клучното прашање: што е она што не‘ прави луѓе?
Можеби понекогаш сакаме да побегнеме од себе, од она што навистина сме или од она што сме можеле да бидеме; можеби некогаш сме обременети од суетата од која ни се замаглува пред очите; можеби сето тоа ќе го анулираме доколку се искачиме на врвот од светот преку спортски успех; а можеби се‘ уште не сме ги надминале основните пубертетски бубачки во главата... Сите овие теми се феноменално обработени во годинашната селекција на филмски остварувања во официјалната програма на јубилејното издание на „КинеНова“, која чинам дека како никогаш досега ќе ги растрепери духовите, нудејќи и‘ на публиката врвно задоволство во затемнетите кино-храмови.
Интересно, селекцијата рамноправно ја сочинуваат три документарни и три играни филмови, уште еднаш потврдувајќи го налетот на креативната документаристика во последното десетлетие од новиот милениум. Два меѓу нив доаѓаат од поранешните југословенски простори, и си поигруваат со терминот „југоносталгија“, но на сосема позитивен начин. „Изгубениот сон на Тим од соништата“ на Јуре Павловиќ, по штотуку завршениот Евробаскет, ќе не‘ потсети на последното злато на југословенската кошаркарска репрезентација во Рим од 1991 година, додека „Прасловен“ на Слободан Максимовиќ е манифест на музичката уметност преку животот и делото на Зоран Предин, „лошото момче“ на југословенската музичка сцена. Се разбира, нема бегање од својата кожа. Тука сме да ви приредиме уште едно фестивалско задоволство. Но кој вели дека бегството не е возможно? Топла препорака да го погледнете германско-јапонскиот докс „Јохацу“, за нештата да ви станат појасни. Нов живот - нова нафака!
Играните остварувања се предводени од актуелни теми поврзани со војната и бегалците. Сигурно било предизвик да се проговори за случувањата во Газа, но на еден поинаков начин. Тоа фантастично го прават палестинските браќа Насер во филмот „Беше некогаш во Газа“, со кој докажуваат дека и во време на криза, хуморот е еден од елементите кој мора да биде присутен. Но поинаку е кога си на своја територија, за разлика од оние што тргнале по разните беспаќа низ светот. „Помеѓу Боговите“ на Вук Ршумовиќ е посвета на иранската кинематографија од балкански агол, која вистински ќе ве разнесе. И на крајот од овој „Паноптикон“, истоимено грузиско остварување ќе ни даде доволна доза на мудрост каде и во кој момент започнуваат сите можни зла на светот, не дозволувајќи историјата да се повторува.
Се радуваме на јубилејот и ви подготвивме навистина возбудлива фестивалска програма. Впрочем, како и досега. Сега вие сте на потег. Ве очекуваме на дружба и на лаф-муабет после гледањето на добар филм, како што прават вистинските филмофили.

## Triumph of the will and the cinematic spirit

Ten years of sharpening the will in order to organize a film festival in times that are not exactly appropriate for the art of cinema, but it, the film, like other arts, has always been strong precisely in times of crisis, of growing nationalism and fascism, of merciless wars, of a refugee crisis with no end in sight. Here are the filmmakers to show all of this on the big screen and put us back in the game by asking us the key question: what is it that makes us human?

Maybe sometimes we want to run away from ourselves, from what we really are or what we could have been; maybe sometimes we are burdened by the vanity that blurs our vision; maybe we will cancel all of that if we rise to the top of the world through sporting success; and maybe we have not yet overcome the basic puberty bugs in our heads...
All of these topics are phenomenally covered in this year‘s selection of films in the official program of the anniversary edition of „KineNova“, which I believe will shake the spirits like never before, offering the audience supreme pleasure in the darkened cinemas.

Interestingly, the selection is equally made up of three documentaries and three feature films, once again confirming the surge of creative documentary in the last decades of the new millennium. Two of them come from the former Yugoslav territories, and play with the term „Yugonostalgia“, but in a completely positive way. „The Lost Dream Team“ by Jure Pavlović, after the just-concluded Eurobasket, will remind us of the last gold of the Yugoslav basketball team in Rome in 1991, while „Praslovan“ by Slobodan Maksimović is a manifesto of musical art through the life and work of Zoran Predin, the „bad boy“ of the Yugoslav music scene. Of course, there is no escaping one‘s own skin. We are here to give you another

festival pleasure. But who says that escape is not possible? We highly recommend that you watch the German-Japanese doc „Johatsu“, so that things become clearer for you. New life - new job!

The feature films are led by current topics related to war and refugees. It was certainly a challenge to speak out about the events in Gaza, but in a different way. The Palestinian Nasser brothers do this fantastically in the film „Once Upon a Time in Gaza“, with which they prove that even in times of crisis, humor is one of the elements that must be present. But it is different when you are on your own territory, unlike those who have set off on various adventures around the world. „Dwelling among the Gods“ by Vuk Ršumović is a dedication to Iranian cinema from a Balkan angle, which will truly blow you away. And at the end of this „panopticon“, the Georgian title of the same name will give us a sufficient dose of wisdom about where and at what moment all possible evils in the world begin, not allowing history to repeat itself.

We are looking forward to the anniversary and have prepared a truly exciting festival program for you. After all, as before. Now you are on the move. We look forward to seeing you for a chat and fellowship after watching a good movie, as true film buffs do.



# ФЕСТИВАЛСКИ ЛАУРЕАТИ

# ЛИВ УЛМАН (НОРВЕШКА)
## ДОБИТНИК НА НАГРАДАТА „ЗЛАТНА ГРИВА“ ЗА ЖИВОТЕН ОПУС
## 10. МФФ КИНЕНОВА 2025

# LIV ULLMANN (NORWAY)
## Winner of the “Golden Mane” for LIFETIME ACHIE EMENT
## 10th IFF KINENO A 2025



На десеттото, јубилејно издание на „КинеНова“, со огормно задоволство наградата за животно дело и’ ја доделуваме на една од најзначајните актерки во минатиот, 20 век, векот на филмската уметност. За неа е доволно да се каже дека е „муза“ на големиот Ингмар Бергман, играјќи во десет од неговите, според многумина, најдобри филмови. Но Лив Улман, се разбира, е многу повеќе од тоа. Љубовта кон уметноста безброј пати ја докажала и на театарската сцена, но и на режисерското столче, кое милува да седи во последните три декади од својата богата кариера. Таа се’ уште е витална и полна со енергија, и со радост и’ ја доделуваме највисоката награда за животно дело, заслужено вбројувајќи ја меѓу великаните кои во изминатите години ја добија нашата фестивалска награда.
Лив Улман (16 декември 1939 година, Токио, Јапонија) е норвешка актерка позната по својата природна убавина и интелигентни, сложени актерски изведби. Таткото на Улман бил норвешки инженер чија работа барала долги патувања. Како резултат на тоа, Лив е родена во Јапонија, а израсната е и образувана во Норвешка, Канада и САД. Во тинејџерските години, студирала глума во Лондон и Норвешка и настапувала во неколку претстави за Националниот театар во Осло.
Улман се појави во мали улоги во четири кратки филмови пред да се сретне со Ингмар Бергман во 1966 година. Кога тој ја избра за главната улога во неговата комплексна психолошка драма „Персона“ (1966), тие започнаа долгогодишна професионална и лична врска. Работата на Улман со Бергман доби широко признание и ја направи актерката меѓународна ѕвезда. Нивните соработки - од кои речиси сите се сметаат за ремек-дела од филмските познавачи – ги вклучуваат „Часот на волкот (1968), „Срам“ (1968), „Плач и шепотења“ (1972), „Сцени од бракот“ (1973), „Есенска соната“ (1978)... Нивните други соработки ги вклучуваат филмовите „Лице в лице“ (1976), за кој Улман доби номинација за Оскар, и ТВ филмот „Сарабанд“ (2003). Улман, исто така, доби номинација за Оскар и за нејзината изведба во историската драма „Емигрантите“ (1971), режирана од Јан Троел.
Во текот на својата кариера, Улман работеше и на сцената и на екранот. Таа покажа голема разновидност при изведбата на делата од Вилијам Шекспир, Хенрик Ибзен, Антон Чехов, Џорџ Бернард Шо, Бертолт Брехт, Јуџин О’Нил, Џорџ С. Кауфман и Мос Харт. Нејзината најпозната сценска улога беше онаа на Нора во „Куќа за кукли“ од Ибзен. Тоа беше и единствената ролја што некогаш ја повтори, изведувајќи ја улогата и на радио, како и на сцените во Осло и во Њујорк. Таа често соработуваше и со познатиот театарски режисер Хозе Кинтеро: како Џози во „Месечина за злобните“ (1976), во насловната улога на Ана Кристи (1977), во комедијата на Чехов „Мечката“ (1978) и во „Човечкиот глас“ (1979), во кој таа одигра возбудлив 45-минутен монолог.
Иако нејзините подоцнежни филмови добија скромна американска дистрибуција, Улман остана меѓу најпочитуваните актерки во светот. Поначајни актерски остварувања од почетокот на 21 век се оние во филмовите „Низ стакло, Темно“ (2008) и „Два живота“ (2012). Покрај тоа, Улман ги режираше и филмовите „Софи“ (1992); „Кристин Лаврансдатер“ (1995); „Невернопст“ (1999), за кој Бергман го напиша сценариото; и „Добрата Џули“ (2014), кој го адаптираше според истоимената драма на Август Стриндберг.
Во 2022 година, Лив Улман ја доби почесната награда „Оскар“ за „храброста и емоционалната транспарентност кои на публиката ѝ подарија длабоко трогателни човечки портрети на екранот“.

At the tenth, anniversary edition of „KineNova“, we are delighted to present the Lifetime Achievement Award to one of the most significant actresses of the past, 20th century, the century of film art. It is enough to say about her that she is the „muse“ of the great Ingmar Bergman, playing in ten of his, according to many, best films. But Liv Ullmann, of course, is much more than that. She has proven her love for art countless times both on the theater stage and in the director‘s chair, where she has enjoyed sitting for the last three decades of her rich career. She is still vital and full of energy, and we are delighted to present her with the highest Lifetime Achievement Award, deservedly counting her among the greats who have received our festival award in recent years.
Liv Ullmann (December 16, 1939, Tokyo, Japan) is a Norwegian actress known for her natural beauty and intelligent, complex performances. Ullmann’s father was a Norwegian engineer whose work demanded extensive travel. As a result, Liv was born in Japan and reared and educated in Norway, Canada, and the United States. During her teenage years, she studied acting in London and Norway and performed in several plays for Oslo’s National Theatre.
Ullmann appeared in small roles in four short films before meeting Ingmar Bergman in 1966. When he cast her in the principal role of his complex psychological drama Persona (1966), they began a long-standing professional and personal relationship. Ullmann’s work with Bergman received

widespread acclaim and made the actress an international star. Their collaborations—nearly all of which are regarded as masterpieces by film scholars—included Vargtimmen (1968; Hour of the Wolf); Skammen (1968; Shame); Viskningar och rop (1972; Cries & Whispers); Scener ur ett äktenskap (1973; Scenes from a Marriage), and Höstsonaten (1978; Autumn Sonata). Their other credits included Ansikte mot ansikte (1976; Face to Face), for which Ullmann received an Academy Award nomination, and the TV movie Saraband (2003). Ullmann also garnered an Oscar nod for her performance in the historical drama Utvandrarna (1971; The Emigrants), which was directed by Jan Troell.

Throughout her career, Ullmann worked onstage as well as onscreen. She demonstrated great versatility in works by William Shakespeare, Henrik Ibsen, Anton Chekhov, George Bernard Shaw, Bertolt Brecht, Eugene O'Neill, and George S. Kaufman and Moss Hart. Her best-known stage role was that of Nora in Ibsen's A Doll's House. It was also the only part she ever repeated, performing the role on radio as well as onstage in both Oslo and New York City. She also worked often with the famed theatrical director José Quintero: as Josie in A Moon for the Misbegotten (1976), in the title role of Anna Christie (1977), in the Chekhov comedy The Bear (1978), and in The Human Voice (1979), in which she turned in a riveting 45-minute soliloquy.

Although her later films received little American distribution, Ullmann remained among the world's most respected actresses. Her credits from the early 21st century included I et speil i en gåte (2008; Through a Glass, Darkly) and Zwei leben (2012; Two Lives). In addition, Ullmann directed the films Sofie (1992); Kristin Lavransdatter (1995); Trolösa (1999; Faithless), for which Bergman wrote the screenplay; and Miss Julie (2014), which she adapted from August Strindberg's play of the same name.

In 2022 Ullmann received an honorary Academy Award, noted for a "bravery and emotional transparency [that] has gifted audiences with deeply affecting screen portrayals."

# ВЛАДИМИР САМОИЛОВСКИ (СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА)

## ДОБИТНИК НА НАГРАДА „ЗЛАТНА ГРИВА“ ЗА ОСОБЕН ПРИДОНЕС ВО ФИЛМСКАТА УМЕТНОСТ

10. МФФ КИНЕНОВА 2025

# VLADIMIR SAMOILOVSKI (NORTH MACEDONIA)

## WINNER OF THE “GOLDEN MANE” FOR OUTSTANDING CONTRIBUTION TO THE WORLD OF FILM ART

10. IFF KINENO  A 2025



Владимир Самоиловски е најдобриот македонски кинематографер од средната генерација кинематографери, филмски автори, со беспрекорна вештина во познавањето на сите процеси на создавањето на еден филм. Неговата визуелна креација и професионална соработка со режисерите и актерите е високо почитувана, како во Македонија така и во регионот и пошироко. Неговата страст за професијата и љубопитството му овозможуваат да соработува на филмски продукции на повеќе континенти. Тој соработувал со низа еминентни имиња од режисерската фела, како од Македонија, така и од просторите на поранешна Југославија. Тука би ги спомenале: Трајче Попов, Бранко Гапо, Димитрије Османли, Столе Попов, Карпо Година, Владимир Блажевски, Коле Ангеловски, Мето Поповски, Милчо Манчевски но и режисери и сценаристи од помладата генерација као Дарко Митревски, Александар Поповски, Светозар Ристевски, Марија Апчевска, Теона Стругар –Митевска, Вардан Тозија, Арбен Тачи, Кастриот Идризи, Димитар Оровчанец, Лавинија Софрониевска и низа други.
Со својата умешност во справувањето и со најнепогодните локации и во најсуровите временски услови, нивните филмови ги довел до саканите резултати. Влатко Самоиловски има импресивна бројка на филмски продукции во својата речиси 50 годишна кариера. Неговото професионално портфолио содржи близу 100-тина долгометражни играни, документарни, кратки играни филмови ТВ драми, тв серии, емисии. Потекнува од фамилија на филмски работници, така што веќе доста млад навлегува во тајните на филмската магија и на технологијата на ТВ и филмската камера, мотивиран од својот татко, ветеранот на македонската и југословенската филмска кинематографија, Мишо Самоиловски во чии филмови соработувал како сниматeл оператор.
Владимир Самоиловски е роден во Скопје, во 1953 година. Неговата кариера како филмски работник и професионален соработник на филм ја започнува во 1976 година кога се вработува во продуцентската куќа Вардар филм (е тоа беа времиња!!!!!!) најпрво како асистент сниматeл  а подоцна и сниматeл-швенкер.
Како асистент сниматeл соработува на филмовите „Пресуда“ (1977), „Дае“  (1979) „Оловна бригада“ (1980), „Време води“ (1980), додека како сниматeл работи на  „Хај-Фај“ (1987)„Тетовирање“ (1991), „Ангели на отпад“ (1995), „Пред дождот“ (1994) а како директор на фотографија го раскрилува својот талент во филмовите: „Македонска сага“ (1993), „Светло сиво/Ѓавол во срцето“ (1993), „Часовник“ (1997), „Збогум на 20тиот век“ (1998), „Хофманова 13“ (2000), „Вета“ (2000), „Илузија“ (2004), „Остани исправен“ (2005), „Зад темнината“ (2007), „Мајки“ (2010)„Бардо“ (2012), „Враќање“(2015), „Џган/Амок“ (2016) „Амби“ (2017), “Северен пол“ (2021), „М“ , „Исчезнати“, “Убиј ги прво децата“ (2024). Во својата долгогодишна професионална посветеност на филмската фотографија Самоиловски се развива во оној чудотворец, мајстор на светлото и темното, кој преку камерата, дури и најкомплексните филмски стории, со својата природна даровитост и инстинктивност, како алхемичар, ги претвора во интересни, а некои сцени и незаборавни и до денес прераскажувани. Додека работи на 35мм неговата топла гама е препознатлива особено во „Македонска сага“ за кој во 1993 година на ИФФК„Браќа Манаки“ добива две награди, Бронзена камера 300 во компетиција и награда Камера 300 за најдобар дебитант. Неговиот исклучителен талент како директор на фотографија го согледуваме и во дистопискиот и “нострадамовски“ филм „Збогум на 20тиот век“. Во овој филм Самоиловски и неговата камера се како еден од ликовите, активен, спремен за дијалог, отворен, а сепак еманентен, пророчки загонетен. Овој проект и по својата комплексност веднаш ви го предочува прашањето: Како ли сето ова го снимиле!?. Го снимиле, зошто Влатко дал се од себе. Овој филм е неправедно запоставен, како од хроничарите на филмската уметност, од критичарите и промоторите на македонската кинематографија, кои ретко го споменуваат, некако остана заборавен, а има да понуди многу во сите сегменти од филмската продукција. Камерните сцени пак во филмот „Илузија“ не внесуваат во топлата, но и тешка животна драма на протагонистите. Самоиловски создава посебна релација со актерите и креира атмосфера на реални акции. Владимир Самоиловски несомнено се вклопува во стереотипот на најдобрите филмски мајстори на светската филмска фотографијата, кои се одликуваат со молчаливата величественост, кроткост и истрајност. Невидливи, а толку присутни на филмскиот сет и потоа. Такви останаа малкумина, а Влатко би рекла, е единствениот на овие простори. Кога филмот „го стигнува“ дигиталната технологија, тој спремно и стамено ги дочекува и им се препушта на сите предизвици кои таа нова технологија

ги нуди. Кога ќе ги погледнете филмовите на Владимир Самоиловски, веднаш ќе забележите дека тој гради своја школа на поставување на кадар. Тој е невидливиот соговорник за многу актери, кои не заборавaат да му се заблагодарат дури и на најпознатите фестивалски црвени ќилими.  Негови обожувачи, пријатели и драги соработници беа актери со богата филмска и театарска кариера како: Мери Бошкова, Љупка Џундева, Милица Стојанова, Јосиф Јосифовски, Ацо Јовановски, Ратка Радмановиќ, Мето Јовановски, Ненад Стојановски, Кирил Ристоски, Данчо Чевревски, Велимир Бата Живоиновиќ, Бранислав Лечиќ, Петар Божовиќ, Неда Арнериќ, Жарко Лаушевиќ, Мира Фурлан, Мирјана Јоковиќ, Драган Бјелогрлиќ, Митко Апостолов, Петар Арсовски, Раде Шербеџија, Катерина Коцевска, Софија Куновска, но и актерите од најмладата генерација. Заедно со светски познатите и наградувани кинематографери Федон Папамајкл и Ѓокан Тирјаки, Самоиловски беше член на меѓународното жири на 37. ИФФК „Браќа Манаки“ во 2016 година во Битола. Во секоја моја комуникација со Папамајкл, тој не заборава да ми напише: Поздрави го нашиот Владимир!
Средбите со Сам Пекинпо ги смета за исклучителни, неповторливи, особено соработката со кинематограферот, оскаровец и еден од највлијателните филмски автори иранско-францускиот директор на фотографија Дариус Конџи на филмот на Манчевски „ Пред дождот“.
Режисерите од сите генерации, а денес особено од помладата генерација исклучително искрено го почитуваат и секогаш го избираат Влатко да работи со нив. Влатко е срцето на филмската сторија, Тој е спремен да помогне во сето она што се случува и пред и зад камерите. Секогаш со задоволство дава совети и во делот на продукцијата и во пост продукцијата на филмот.
Среќни сме што Владимир Самоиловски е наш добитник на специјалната награда „Златна грива“ за особен придонес во филмската уметност на 10 јубилејно издание на МФФ Киненова.
Со него сме горди на македонскиот филм.

**М-р Гена Теодосиевска, Филмски критичар,**
**Уметнички директор на МФФ Киненова**

---

Vladimir Samoilovski is the best Macedonian cinematographer from the middle generation of cinematographers, film authors, with impeccable skill in knowing all the processes of creating a film. His visual creation and professional collaboration with directors and actors is highly respected, both in Macedonia and in the region, but also beyond. His passion for the profession and curiosity allow him to collaborate on film productions on several continents. He has collaborated with a number of eminent names in the directing field, both from Macedonia and from the former Yugoslavia. Here we would mention: Trajce Popov, Branko Gapo, Dimitrije Osmanli, Stole Popov, Karpo Godina, Vladimir Blazhevski, Kole Angelovski, Meto Popovski, Milcho Manchevski, but also directors and screenwriters from the younger generation such as Darko Mitrevski, Aleksandar Popovski, Svetozar Ristevski, Marija Apchevska, Teona Strugar-Mitevska, Vardan Tozija, Arben Thaci, Kastriot Idrizi, Dimitar Orovcanec, Lavinija Sofronievska and many others.
With his skill in dealing with the most unsuitable locations and in the harshest weather conditions, he brought their films to the desired results. Vlatko Samoilovski has an impressive number of film productions in his almost 50-year career.
His professional portfolio contains nearly 100 feature films, documentaries, short films, TV dramas, TV series, and shows.
He comes from a family of film workers, so at a very young age he delved into the secrets of film magic and the technology of TV and film cameras. He was inspired by his father, the veteran of Macedonian and Yugoslav film cinematography, Misho Samoilovski, in whose films he collaborated as a camera operator.
Vladimir Samoilovski was born in Skopje, in 1953. His career as a film worker and professional film collaborator began in 1976 when he was employed at the production company Vardar Film (those were the times!!!!!!), first as an assistant cameraman and later as a cameraman-turntable. As an assistant cameraman, he collaborated on the films „Verdict“ (1977), „Dae“ (1979), „Lead Brigade“ (1980), „Time Flows“ (1980), while as a cameraman he worked on „Hi-Fi“ (1987), „Tattoo“ (1991), „Angels of the Waste“ (1995), „Before the Rain“ (1994), and as a director of photography he revealed his talent in the films: „Macedonian Saga“ (1993), „Light Gray/ Devil in the Heart“ (1993), „Clock“ (1997), „Farewell to the 20th Century“ (1998), „Hoffman 13“ (2000), „Veta“ (2000), „Illusion“ (2004), „Stay Straight“ (2005), „Behind the Dark“ (2007), „Mothers“ (2010) „Bardo“ (2012), „Return“ (2015), „Running/Amok“ (2016) „Ambi“ (2017), „North Pole“ (2021), „M“, „Disappeared“, „Kill the Children First“ (2024). In his long-standing professional dedication to film photography, Samoilovski has developed into that miracle worker, master of light and dark, who, like an alchemist, through the camera and with his natural talent and instinctiveness, turns even the most complex film stories into interesting, and some scenes into unforgettable and retold to this day. While working on 35mm, his warm gamma is recognizable especially in „Macedonian Saga“ for which in 1993 at the IFK „Manaki Brothers“ he received two awards, the Bronze Camera 300 in competition and the Camera 300 award for best debutant. His exceptional talent as a director of photography is also seen in the dystopian and “Nostradamusian” film “Farewell to the 20th Century”.
In this film, Samoilovski and his camera are like one of the characters, active, ready for dialogue, open, yet emanating and prophetically enigmatic. Despite its complexity, this project immediately raises the question: How was it filmed!? It was, because Vlatko gave his all.
This film has been unfairly neglected, both by the chroniclers of film art, the film critics and promoters of Macedonian cinematography, who rarely mention it, thus it has somehow been forgotten, although it has a lot to offer in all segments of film production. The chamber scenes in the film „Illusion“ take us into the warm, but also difficult life drama of the protagonists. Samoilovski creates a special relationship with the actors and creates an atmosphere of real actions. Vladimir Samoilovski undoubtedly fits into the stereotype of the best film masters of world film photography, who are distinguished by their silent magnificence, meekness and perseverance. Invisible, but very much present on the film set and afterwards. There are only a few such people left, and Vlatko, I would say, is the only one in this region. When digital technology catches up with film, it readily and steadfastly welcomes it and surrenders to all the challenges that this new technology offers. When you watch Vladimir Samoilovski‘s films, you immediately notice that he is building his own school of shot placement. He is the invisible interlocutor for many actors, who do not forget to thank him even on the most famous festival red carpets. His admirers, friends and dear collaborators were actors with

rich film and theater careers such as: Meri Boškova, Ljupka Džundeva, Milica Stojanova, Josif Josifovski,Aco Jovanovski Јовановски, Ratka Radmanovich, Meto Jovanovski, Nenad Stojanovski, Kiril Ristoski, Dancho Chevreski, Bata Zhivoinovich, Branislav Lechic, Petar Bozhovic, Neda Arneric, Zharko Laushevic, Mira Furlan, Rade Sherbedzija, Mirjana Jokovic, Dragan Bjelogrlic, Mitko Apostolov, Petar Arsovski, Katerina Kocevska, Sofija Kunovska, but also actors from the youngest generation. Along with world-famous and award-winning cinematographers Fedon Papamajkl, Gjokan Tirjaki, Samoilovski was a member of the international jury of the 37th IFK „Manaki Brothers" in 2026 in Bitola. In each correspondence I have with Papamichael, he never forgets to write to me: Say hello to our Vladimir!
Vladimir Samoilovski considers his meetings with Sam Peckinpah to be exceptional, unrepeatable. Especially the collaboration with the cinematographer, Oscar winning cinematographer and one of the most influential film authors, the Iranian-French director of photography Darius Khondji on Manchevski's film „Before the Rain".
Directors of all generations, and today especially from the younger generation, have the utmost respect for Vlatko and always choose him to work with. Vlatko is the heart of the film story, he is ready to help in everything that happens both in front of and behind the cameras. He is always ready to give advice in the production and post-production of the film.
We are happy that Vladimir Samoilovski is our winner of the special award „Golden Mane" for exceptional contribution to the art of cinema at the 10th anniversary edition of the Kinenova IFF.
With him, we are proud of Macedonian film.

**Gena Teodosievska, MSc, Film Critic**
**Artistic Director of IFF Kinenova**

# ДАГ ЈОХАН ХАУГЕРУД (НОРВЕШКА)

ДОБИТНИК НА НАГРАДА „ЗЛАТНА ГРИВА“ ЗА ОСОБЕН ПРИДОНЕС ВО ФИЛМСКАТА УМЕТНОСТ

10. МФФ КИНЕНОВА 2025

# DAG JOHAN HAUGERUD (NORWAY)

WINNER OF THE HIGHEST FESTI AL AWARD AT 10. IFF KINENO A 2025 FOR SPECIAL CONTRIBUTION TO THE WORLD OF FILM ART



## Ефектот на пеперутката во филмовите на Даг Јохан Хагеруд

Во секој вистински филмски автор се крие непоправлив бунтовник. Без разлика на уверувањата, етнички, национални, верски, сексуални, идеолошки, политички тие не отстапуваат од идејата да понудат своја перспектива на нештата, случувањата, актуелните мигови на живеење, горливите прашања кои се тука, околу нас, отсекогаш. Таков исклучителен филмски уметник е и норвежанецот Даг Јохан Хагеруд, кој за себе најпрво вели дека е библиотекар, па потоа писател, сценарист, режисер, а во филмската критика опишуван и како истакнат хуманист. Неговите романи, кратките раскази и кратките филмови, навестувале дека на филмската сцена и приоѓа еден умен, образован, но спонтан и принципиелен филмски режисер и сценарист. Приоѓа како мирен бран кој ги руши бариерите. Тоа кај нас во Македонија го викаме синдромот на мирна река, која брег рони. Такви се и филмовите на Хагеруд, со еден бран, предизикуваат цунами. Како и феноменот на ефектот на пепрутката. Леснотијата во изразувањето на еден лик во неговите филмови, предизвикува тегобност кај многумина други, вон опсегот на видливиот хоризонт. Тој со неговите филмови подредени во услови на рационалното секојдневие во Норвешка, разбудува бура од емоции, тука во Македонија, но и во Австралија, Италија, Германија.. Даг Јохан Хагеруд е роден 1964 година, се школувал за библиотекар, а подоцна ги завршува Академиите за филм, театар и креативно пишување и драматургија во Стокхолм и Осло. Пред потполно да и се посвети на филмската уметност, Даг Јохан Хагеруд работел како новинар и како драматург во различни компании за танц и театар. Зад себе има искуство и како успешен писател на романи. Музиката е неговата втора страста, затоа музиката во неговите филмови тој ја поставува како засебен лик. Во 1998 година пред филмската публиката се претставува со својот прв краток филм што е во времетраење од само 4 минути„„16 животни клишеа„ (16 Living Clichés) во кој го претставува секојдневното клише на 16 лика, за потоа да следат десетина други кратки авторски филмски форми меѓу кои и получасовниот „Невоља“ (Trouble) во кој како што вели тој, се соочуваме со два процеса; првиот е дека лагите и самозалажувањето често креираат невољи, а вториот дека гордоста никогаш никого не направила среќен. Филм со навидум едноставни случувања, но со силни возбуди во позадина, Впрочем како и во сите негови филмови, тој ја следи едноставната емоција која доведува до сложени дилеми. За овој краток филм тој во 2006-та година ја добива Почесната награда на Нордиската Панорама. Тој е познат и по средནометражните играни филмови како „Јас сум таа што ја сакаш“ (2014) во кој улогата на главниот лик учителката Хенриет што се вљубува во својот 15 годишен ученик многу сликовито ја носи една од неговите омилени актерки, Андреа Браент Ховиг која во долгиот филмски монолог, напати прекинат со сцени од Осло, ни ја раскажува својата љубовна приказна, полна со себеистражување и себеоткривање. Оваа филмска сторија, би рекле можеби е почеток на создавањето на приказната за неговиот последен „Соништа“ во кој пак тој создава обратна ситуација во улогите на вљубениот и љубената. Хагеруд во, за него својствените неприкосновено карактеристични набљудувања на обичниот човек и неговите основни потреби, ни креира ситуации на навидум ирелевантни детали, кои потоа стануваат круцијални за завршување на едно дејство. Како публика, тие филмски приказни ги впиваме како „ладна чаша изворска вода“, питка само за нас наполнета и која ја испиваме во еден здив, до крај. Кај Хагеруд исто така е многу значајно неговото перманентно истражување на границите на подносливата емоција, но зарем таква има? Со неговиот дебитантски долгометражен игран филм, комедијата- драма, „Припаѓам“ (I Belong) (2012) на домашниот филмски фестивал во Хагесунд во 2013 година е номиниран во шест а добива четири Аманда награди: за најдобар норвешки филм, најдобар режисер, наградите за најдобра главна улога и најдобро оригинално сценарио. Во 2020 година тој за својот втор долгометражен филм „Чувајте се од децата“ (Beware of Children) награден е со дури девет Аманда статуетки, додека за филмовите од неговата позната Осло трилогија „Секс“ (Sex), „Љубов“ (Love) и „Соништа“ (Dreams) е награден со највисоката награда на Нордискиот филмски совет и со наградата на Здружението на филмската критика на Норвешка. Филмот „Секс“ е селектиран во престижната програма Панорама на Берлинскиот филмски фестивал во 2024 година, истата година вториот филм од трилогијата „Љубов“ е прикажан во главната натпреварувачка програма на 81. Венециска филмска Мостра. Последниот „Соништа“ му ја донесе Златна мечка за најдобар филм на годинешното 75.Берлинале

и наградата на Fipresci. Со оваа трилогија Хагеруд ја освои и публиката и критиката, а особено симпатиите на фестивалските селектори препознавајќи го автентичниот сценаристички и режисерски предзнак на непосредното, искреното. Неговите ликови се исполнети со топлина, љубов, грижа, хуманост. Отворени кон хоризонтот полн со предизвици и отворени прашања, но и место за двобој со толку природниот след на дијалозите. Покривите на Осло, фериботот до дома, случајните средби, договорените средби, писмото сокриено во дневикот, болничката соба со прашален и молбен поглед, секс во морето, вознемирувачки погледи од блиските. Вртоглаво и зашеметувачки реално, блиско, почувствувано. Ви благодарарам Даг Јохан Хагеруд, за овие емоции што ни ги подарувате преку своите филмови. Ќе ги чуваме како наши.

**Гена Теодосиевска**
**Филмски критичар**
**Уметнички директор на МФФ Киненова**

---

## The Butterfly Effect in the films of Dag Johan Haugerud

In every true film author there is an incorrigible rebel. Regardless of their beliefs, ethnic, national, religious, sexual, ideological and political background they do not deviate from the idea of offering their own perspective on things, events, current moments of life, burning questions. Such an exceptional film artist is the Norwegian Dag Johan Haugerud, says that he is first and foremost a librarian, and then a writer, screenwriter, director. Film criticism also describes him as a prominent humanist. His novels, short stories and short films, hinted that a clever, educated, but spontaneous and principled film director and screenwriter emerges at the film scene. He approaches like a calm wave that breaks down barriers. He is, as we say in Macedonia, a quiet water that scours the bank. Haugerud's films are like that, a single wave causes a tsunami. Very similar to the phenomenon of the butterfly effect. The ease in expressing one character in his films causes discomfort in many others, beyond the scope of the visible horizon. With his films situated in the conditions of rational everyday life in Norway, he awakens a storm of emotions, here in Macedonia, but also in Australia, Italy, Germany.
Dag Johan Hagerud was born in 1964. He received a training as a librarian, and later graduated from the Academies of Film, Theatre and Creative Writing and Dramaturgy in Stockholm and Oslo. Before dedicating himself fully to film art, Dag Johan Haugerud worked as a journalist and as a playwright in various dance and theatre companies. He also has experience as a successful novelist. Music is his second passion, which is why he presents music as a separate character in his films. In 1998, he presented his first short film to the film audience, which is only 4 minutes long, „16 Living Clichés“, in which he depicts an everyday cliché of 16 characters, followed by a dozen other short auteur film forms, including the thirty minutes long „Trouble“ (Trouble), in which, as he says, we are faced with two processes; The first being that lies and self-deception often create trouble, and the second that pride has never made anyone happy.
A film with seemingly simple events, yet with strong excitement in the background. Nonetheless, as in all of his films, he follows the simple emotion that leads to complex dilemmas. For this short film, he received the Honorary Award of the Nordic Panorama in 2006. He is also known for the medium-length feature films such as „I am the one you love“ (2014), in which the role of the main character, teacher Henriette, who falls in love with her 15-year-old student, is very vividly played by one of his favorite actresses, Andrea Brænt Hovig, who in a long film monologue, sometimes interrupted by scenes from Oslo, tells us her love story, full of self-exploration and self-discovery. This film story is, perhaps, the beginning of the creation of the story for his latest film „Dreams“ , in which he creates a reverse situation in the roles of the lover and the beloved. Haugerud, in his characteristically unquestionable observations of the common man and his basic needs, creates situations for us of seemingly irrelevant details, which then become crucial for the completion of an action. As an audience, we absorb these film stories like a “cold glass of spring water”, filled just for us and we drink it all up in a single gulp. Haugerud’s permanent exploration of the limits of bearable emotion is also very significant, but does such an emotion exist?
With his debut feature film, the comedy-drama „I Belong“ (2012), he was nominated for six and won four Amanda Awards at the 2013 Hagesund Film Festival: Best Norwegian Film, Best Director, Best Actor and Best Original Screenplay. In 2020, he was awarded nine Amanda statues for his second feature film „Beware of the Children“, while the films from his famous Oslo trilogy „Sex“, „Love“ and „Dreams“ were awarded the highest award of the Nordic Film Council and the Norwegian Film Critics Association. The film „Sex“ was selected in the prestigious Panorama programme at the Berlin Film Festival in 2024. The same year the second film in the trilogy „Love“ was screened in the main competition programme at the 81st Venice Film Festival.
His last film „Dreams“ brought him the Golden Bear for Best Film at this year‘s 75th Berlinale and the Fipresci Award.
With this trilogy, Haugerud won over both the audience and critics, and especially the sympathies of the festival selectors, recognizing the authentic scriptwriting and directing sign of the immediate, the sincere. His characters are filled with warmth, love, care, humanity. Open to the horizon full of challenges and open questions, but also a prepared for a duel with their natural sequence of dialogues. Oslo’s roof tops, the ferry back home, chance encounters, arranged meetings, the letter hidden in the diary, the hospital room with a questioning and pleading look, sex in the sea, disturbing looks from loved ones. Overwhelmingly and stunningly real, close, felt. Thank you Dag Johan Haugerud, for the emotions you give us through your films. We will keep them as our own.

**Gena Teodosievska**
**Film Critic**
**Art Director of IFF Kinenova**



# МЕЃУНАРОДНО ЖИРИ

## СРДАН ГОЛУБОВИЌ
ПРЕТСЕДАТЕЛ

## SRDAN GOLUBOVIC
PRESIDENT



Тој е филмски режисер. Неговиот прв долгометражен игран филм „Апсолутните 100“ учествуваше во главните програми на над триесет меѓународни филмски фестивали, вклучувајќи ги Котбус, Ротердам, Солун, Торонто и Сан Себастијан, освојувајќи 10 меѓународни и 19 домашни награди. Неговиот втор долгометражен филм „Клопка“ („Стапицата“) ја имаше својата светска премиера на Берлиналето во 2007 година. Филмот освои вкупно 21 меѓународна награда и беше номиниран за Оскар во категоријата најдобар странски филм.
Заедно со тим млади филмски уметници, Голубовиќ е главната движечка сила зад продуцентската куќа „Баш Челик“, снимајќи музички спотови за голем број етаблирани локални музички уметници, како и реклами и маркетинг кампањи.
Тој е доцент по филмска режија на Факултетот за драмски уметности во Белград.
Неговиот филм „Кругови“ од 2013 година е избран за српски кандидат за најдобар странски филм на 86-то доделување на наградите „Оскар“.

He is a Serbian film director and pproducer. His first feature film Absolute 100 participated in main programs of over thirty international film festivals, including Cottbus, Rotterdam, Thessaloniki, Toronto and San Sebastian, winning 10 international and 19 domestic awards. His second feature film Klopka („The Trap“) had its world premiere at the Berlinale in 2007. The film has won a total of 21 international awards and was shortlisted for the Oscar in Best Foreign Language Film category.
Along with a team of young film artists, Golubović is the main vehicle behind the production company Baš Celik, making music videos for a number of established local music artists, as well as commercials and marketing campaigns.
He is an assistant professor of Film Directing at The Faculty of Dramatic Arts in Belgrade.
His 2013 film Circles has been selected as the Serbian entry for the Best Foreign Language Film at the 86th Academy Awards.

# ХАМЕД СОЛЕИМАНЗАДЕХ

# HAMED SOLEIMANZADEH



Тој е ирански филмски критичар, филмски филозоф, режисер и предавач на Универзитетот во Гетинген во Германија и на Академијата DAM во Рим, Италија. Докторирал по истражување на уметност со фокус на филмски студии и постдокторска квалификација по филм и филозофија од Универзитетот за уметности во Берлин (UdK).
